Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
Бр. 08-1861/3
30-10-2023 год.
СКОПЈЕ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет „Блаже Конески"
Скопје
Бул. Гоце Делчев 9а, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240-401

**Филолошки факултет „Блаже Конески"**
при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
распишува

**К О Н К У Р С**
**за наградата „Блаже Конески",**
**есеј на тема (една тема, по избор)**

1. „Блаже Конески – камен-темелник на македонската наука за јазикот"
2. „Блаже Конески и книжевната наука"
3. „Блаже Конески и книжевната славистика"
4. „Блаже Конески и иновациските движења (јазик, книжевност и културологија)"
5. „Книжевните, културните и општествените аспекти во поезијата на Конески"
6. „Книжевно-споредбените и културолошките аспекти во творештвото на Конески"
7. „Современите толкувања на творештвото на Конески"
8. „Уметничкото дело помеѓу традицијата, колективот и авторот во есејот Еден опит на Блаже Конески"
9. „Истокот и Западот, минатото и сегашноста, преводот и пишувањето во стихозбирката *Црн овен*"
10. „Значењето на Крсте Мисирков за Блаже Конески и за македонскиот јазик и култура"
11. „Книжевниот опус на Блаже Конески и на Ацо Шопов во генерацијата основоположници на современата македонска поезија"
12. „Македонскиот јазик и неговите непријатели".

На Конкурсот имаат право да учествуваат сите студенти на Филолошкиот факултет запишани на прв циклус студии.

Трудовите треба да бидат во форма на есеј, отпечатен до 10 (десет) компјутерски страници, со големина на буквите 12 и проред 1,5 (28-30 реда на страница).

Трудовите треба да се достават во 4 (четири) идентични примероци **целосно анонимни, под шифра**, од кои 3 (три) во затворен плик треба да се предадат во Архивата на Факултетот, а авторството се докажува со четвртиот примерок.

Трудовите треба да бидат напишани на македонски јазик со кирилично писмо.

**КОНКУРСОТ ТРАЕ ДО 30 НОЕМВРИ 2023 ГОДИНА**

Жирито ќе ги додели следните награди:
- Прва награда во износ од 12.000 денари
- Втора награда во износ од 8.000 денари
- Трета награда во износ од 6.000 денари

Резултатите од Конкурсот ќе бидат објавени најдоцна до **11 декември 2023 година**, на огласната табла и на веб страницата на Факултетот, а наградите ќе бидат врачени при одбележувањето на патрониот празник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, на **20 декември 2023 година.**

ОД КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА